РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2011 година

Скопје, март 2012 година

СОДРЖИНА

1. Вовед	3
2. Надлежности на Комисијата	7
2.1 Одлучување по жалби	9
2.1.1 Жалбена постапка	11
2.1.2 Решени предмети и нивна структура	11
2.1.3 Жалби поднесени против имателите на информации	13
2.1.4 Карактер на поднесени жалби	14
2.1.5 Состојба на предметите по тужби	15
3. Спроведување и искуства од примената на Законот	17
4. Листа на иматели на информации	20
4.1 Содржина на годишните извештаи	21
4.1.1 Годишни извештаи на имателите	23
4.1.2 Соработка со службени лица кај имателите	29
4.1.3 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности	31
5. Јавност во работата на Комисијата и ВЕБ страница	32
6. Обуки и едукација	36
7. Меѓународна соработка	37
8. Буџет	41

1. ВОВЕД

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст Комисија) ви го претставува шестиот Годишен извештај, по донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст Закон). Во овој рапорт за минатогодишниот извештаен период, во кратки црти ве запознаваме со есенцијалните елементи на имплементацијата на Законот кој заштитува едно од релативно новите фундаментални човекови права во Република Македонија. Имено, Законот во Република Македонија се применува нешто повеќе од пет години. Собранието на Република Македонија го донесе на 25 јануари 2006 година, а почна да се применува од 1 септември истата година. Позначајни промени претрпе на почетокот на 2010 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, чија примена започна од 1 јуни 2010 година.

Веднаш ќе истакнеме дека параметрите во Годишниот извештај за 2011 година, за разлика од досегашните извештаи кои покажуваа слични карактеристики, движења и постигнувања, значајни за целиот изминат период од примената на Законот, покажуваат бројки со кои, слободно речено, Комисијата може да се гордее. Во таа насока говорат и истражувањата спроведени од страна на релевантниот институт „Центар за право и демократија”, според кои Република Македонија се наоѓа на високото 14 место на светската ранг листа на држави кои, без разлика што ова демократско право го преточиле во легислативата во релативно понов период, имаат најфункционален Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Моментно, Република Македонија има 108 од максималните 150 поени, кои се добиваат по различни критериуми, меѓу кои најважни се оние што се однесуваат на бројот на исклучоците од слободниот пристап, надзорните механизми и подигнувањето на свеста, односно промоцијата на правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Ја утврдивме бројката од **1.247** иматели на информации од јавен карактер, поместени на Листата на Комисијата, за која се води уредна евиденција и, што е значајно, истата постојано се ажурира.

До Комисијата, за шесте години се поднесени **2.320** жалби поради оневозможување на пристап до информации од јавен карактер. Комисијата позитивно се изјаснила по **1.591** жалба, односно ги задолжила имателите да

дозволат пристап до бараните документи од јавен карактер. Сето ова е постигнато на вкупно **182** одржани седници на Комисијата.

Сметаме за потребно да ја истакнеме улогата на Комисијата затоа што во текот на примената на Законот успеа да арбитрира и во одделни случаи кога словото на Законот беше, или се уште е недоречено. Затоа, секогаш поаѓајќи од основната цел на Законот – обезбедување јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, односно овозможување на барателите да го остваруваат правото на слободен пристап до нивните информации од јавен карактер - Комисијата, заедно со надлежните државни органи и здруженија на граѓани и фондации, преземаше мерки и учествуваше во подготвувањето на двете измени и дополнувања на Законот.

Исто така, сметаме дека Комисијата успеа да го воздигне новото демократско право не само до стабилна, туку гледано компаративно со земјите од поширокиот регион и со некои европски земји, на една завидна позиција. За тоа сведочи и големата поддршка што Собранието на Република Македонија и ја дава на Комисијата низ позитивните оценки за нејзините годишни извештаи.

За да не се сфати досега реченото како самофалба, досегашното искуство од работењето на Комисијата, за жал, се уште го вперува показалецот во главниот проблем кај идејата „имам право да знам“ – детектиран не мал степен на незнаење, инертност и неразбирање, кои резултираат со нејзино забавено прифаќање. Еве една бројка која подолу во Извештајот ќе ја коментираме – молчењето на администрацијата е основ за поднесување на **324** жалби.

Со цел за отстранување на посочениот проблем, Комисијата меѓу своите приоритетни задачи ја стави едукацијата и упорно, иако без доволно кадровски и финансиски капацитети, работеше и постигна позитивни резултати. Преку повеќе форми на едукација, освен користење на инструменти за дообуки за самата Комисија и вработените во Секретаријатот, како размена на искуства со исти или сродни институции од земјите од Европската Унија со помош на TAIEX инструментот на Европската Комисија беа вклучени речиси сите структури на учесниците во процесот на слободниот пристап. Така, во периодот мај – ноември 2011 година беа одржани обуки за **244** службени лица, граѓани, здруженија на граѓани и фондации, а за остварување на таа цел беа посетени десетина регионални центри и уште толку помали општини низ Републиката.

Исто така, во салата за обуки на Комисијата, беа одржани едукативни средби со студенти по право, новинарство и други заинтересирани структури.

Комисијата континуирано ја одржува и надополнува својата WEB страница на македонски, на албански и на англиски јазик. Ова, исто така, би требало да се цени како придонес во унапредување на комуникацијата на граѓаните - баратели на информации од јавен карактер, а може да се третира и како елемент на едукација заради богатата содржина од легислативата и практиката на примена на правото.

Од особено значење се и активностите на Комисијата на полето на меѓународната соработка и промоцијата на македонското спроведување на идејата „имам право да знам“. Оваа извештајна година Комисијата имаше мошне плодна меѓународна соработка со сродни институции. Така, во Комисијата гостуваа експерти од Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Скопје, при што беа компарирани искуствата на Република Македонија со оние на Холандија, Германија, Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска и на други европски земји и беше заклучено дека Комисијата застана на исто ниво во ефикасното постапување со сродните институции во развиените европски демократии.

За првпат од своето формирање, Комисијата во 2011 година аплицираше и ги искористи поволностите кои ги нуди инструментот TAIEX на Европската Комисија. Со помош на овој инструмент беа одржани три меѓународни работилници, со присуство на поголем број експерти од Република Словенија, Германија, Малта и од Естонија.

Исто така, во ноември Комисијата активно учествуваше на меѓународната конференција за стратешки пристап до Развојот на механизмите за заштита на личните податоци, каде една од посебните теми на интерес во рамките на тркалезната маса на Конференцијата беше и „Правото на заштита на личните податоци и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер„. На маргините на Конференцијата, Претседателот на Комисијата потпиша Меморандум за соработка со Парламентарниот Комесар за заштита на личните податоци и слобода на информирање на Унгарија. Тој беше иницијатор и на потпишување на Меморандум за продлабочување на соработката меѓу Комисијата и Комесарот за информации на Република Словенија, кој беше реализиран на почетокот на 2012 година. Кон средината на декември богатата меѓународна соработка на Комисијата беше заокружена со потпишување на Декларација за соработка меѓу Претседателот на Комисијата и Берлинскиот Комисионер за заштита на личните податоци и слободата на информирање.

Резимето за постигнатото во 2011 година само ги потврдува горе наведените констатации и бројки. Карактеристика е дека бројот на поднесени жалби варира од година во година, а тоа најмногу зависи од интересот на Здруженијата на граѓани и фондации, кои претставуваат најголем процент од барателите, односно жалителите, а кои Законот го користат за реализација на повеќе нивни проекти или истражувања.

Во оваа година до Комисијата беа поднесени **409** жалби, што е значително намален број во однос на **540**-те жалби поднесени во претходната година. Ова е податок што радува, бидејќи во година кога е зголемен бројот на барања за слободен пристап до информации (според податоците од годишните извештаи на имателите на информации - вкупно **3.496**), намален е бројот на жалбите, што значи дека имателите на информации полека, но сигурно, ја сфаќаат сериозноста на Законот и се отвораат кон барателите. Меѓутоа, ова е и податок за кој првенствено е заслужна Комисијата која и покрај скромниот кадровски состав на Секретаријатот и уште поскромен буџет, со организирање бесплатни обуки, давање стручна помош и на имателите и на барателите, како и со практицирање на ненормирана улога на своевиден посредник меѓу едните и другите, успеа од Република Македонија да направи плодна почва за реализација на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Ова го потврдува фактот што Комисијата и во 2011 година доминантниот дел од жалбите (**146** Решенија за задолжување на имателот да ја даде бараната информација) ги реши во полза на барателот на информациите, како и зголемениот број на донесени заклучоци за запирање на постапката (вкупно **126**), кои во превод значат дека по „интервенцијата“ на Комисијата имателите, иако со задоцнување, им ја дале бараната информација на барателите.

Како и секоја претходна година, се наметнува дежурното прашање : Дали Комисијата можела да постигне повеќе од наведеното во овој Извештај? Одговорот останува речиси ист. Кога презентираните податоци би се однесувале на подолг период на примена на Законот, тогаш тоа би се сметало за лош резултат. Но вака, за само шест години, Комисијата стана функционална структура што изгради цврст темел и стекна завидлив углед, како во земјата така и во европски рамки.

2. Надлежности на Комисијата

Комисијата е независна во своето работење и во донесувањето на одлуки согласно законските надлежности. Комисијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија, до кое поднесува Годишен извештај.

Комисијата е составена од претседател, заменик на претседателот и три члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од 5 години, со право за повторен избор.

Комисијата работите од својата надлежност, како независно, колективно тело ги врши на седници.

Комисијата, согласно член 32 од Законот, ги врши следните надлежности:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации;
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон;
- подготвува и објавува листа на иматели на информации;
-дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации;
-презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;
- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Македонија;
- донесува Деловник за својата работа;
- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија;
-извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- донесува акти со кои го уредува начинот на работа и организација на Комисијата;

- врши промоција на правото на слободниот пристап до информации од јавен карактер и,
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Управните, стручните и другите административно–технички работи, согласно Законот, ги врши Секретаријатот на Комисијата. Според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Комисијата, формирани се два сектора: Сектор за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Сектор за соработка со имателите на информациите, информирање на јавноста и меѓународната соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Според наведените правилници, систематизирани се 36, од кои пополнети се само 14 работни места. Од нив единаесет (11) се со високо образование, двајца (2) со средно образование и еден (1) возач-домаќин кој нема статус на државен службеник. По квалификациона структура од вработените со високо образование шест (6) се дипломирани правници, три (3) со Филолошки факултет, еден (1) со Филозофски факултет и еден (1) дипломиран новинар. Од вкупниот број вработени осум (8) се Македонци, а шест (6) Албанци.

Треба да се нагласи дека по иницијатива на заменикот на претседателот на Комисијата, Блерим Исени од 18 март 2011 година од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор превземени се двајца правници што претставува зајакнување на кадровските капацитети на Комисијата.

	Систематизирани работни места	Пополнети работни места	Процент од вкупен број на вработени	Високо образов.	Средно образов.
Македонци		8	58.15 %	6	1
Албанци		6	42.85 %	5	1
Вкупно	36	14		11	2

- Еден (1) вработен во Комисијата е без статус на државен службеник

2.1 Одлучување по жалби

Според податоците обработени во Одделението за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер на Секретаријатот на Комисијата, беше утврдено дека до Комисијата од 1 јануари до 31 декември 2011 година поднесени се **409** жалби.

Во споредба со минатата година кога беа евидентирани **540** жалби, во календарската 2011 година се забележува намалување на жалбите за **25%**, што говори дека имателите на информации од година во година се потранспарентни во овозможувањето пристап до бараната информација и се повеќе го спроведуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според податоците на Комисијата, бројот на жалбите поднесени по месеци е следен: во месец јануари - **44**, февруари - **23**, март - **13**, април - **50**, мај - **50**, во месец јуни се поднесени најголем број на жалби - **78**, јули - **37**, август - **15**, септември - **19**, октомври - **45**, ноември - **11** и во месец декември 2011 година - **24** жалби.

Од вкупниот број на жалби, **98** се поднесени од физички лица, а останатите **311** од здруженијана граѓани и фондации. Овие бројки потврдуваат дека и во овој извештаен период доминираат жалбите изјавени од здруженија на граѓани и фондации во споредба со граѓаните кои се уште не го користат доволно ова со Закон и Устав загарантирано право.



Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци

Во однос на содржината на жалбите загрижува фактот што и во 2011 година, и покрај големиот број на обуки кои ги одржаа во континуитет вработените од Секретаријатот на Комисијата, поголемиот број на жалби- **324** се поднесени поради молчење на администрацијата, потоа следат **42** жалби поднесени против одговор на имателите на информации, **22** жалби против решение за одбивање на барањето, **16** жалби против известување на имателот и **5** жалби против заклучок на имателот на информации.



Графикон 2: Компаративни податоци по години

2.1.1 Жалбена постапка

Право на правна заштита согласно Законот има само барателот кој поднел писмено барање за пристап до информации.

Жалбата согласно Законот може директно да се поднесе до Комисијата или ако се примени Законот за општата управна постапка жалбата може да се поднесе и преку имателот на информации. Доколку жалбата директно е доставена до Комисијата таа веднаш по добивањето ја препраќа до имателот на информацијата, кој во рок од три дена треба да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

2.1.2 Решени предмети и нивна структура

Комисијата во 2011 година одржа **19** седници, на кои по спроведената постапка по жалби согласно Законот донесе **272** решенија и **102** заклучоци од кои:

-**111** решенија со кои жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-**76** решенија со кои жалбата се отфрла како недопуштена;

-**45** решенија со кои жалбата се одбива како неоснована;

-**20** решенија со кои жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување;

-**19** решенија со кои жалбата се уважува, оспореното решение се поништува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

-**1** решение со кое жалбата во дел се уважува, а во дел се одбива како неоснована;

-**92** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради доставување на бараната информација;

-**10** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради повлекување на жалбата.

-**35** жалби се пренесени за постапување во 2012 година, од кои по **26** жалби Комисијата постапи и донесе **9** решенија и **17** заклучоци, а по **9** преостанати жалби постапката е во тек.



Графикон 3: Решени предмети и нивна структура

Од податоците на решени предмети изнесени во графиконот, може да се види дека Комисијата по **111** жалби се изјаснила позитивно во интерес на барателите на информации, а исто така голем е и бројот на донесени заклучоци - **92** за запирање на постапката по жалбата поради доставување на бараната информација, односно одговорите до барателите се доставени со задоцнување, по препраќањето на жалбата до имателот на информацијата и благодарение на посредувањето на Комисијата.

Исто така, Комисијата постапи и по **74** жалби поднесени при крајот на 2010 година, а префрлени за постапување во 2011 година и, по спроведената жалбена постапка, донесе **50** решенија, (од кои поголемиот дел ги уважи и ги задолжи имателите да ја дадат бараната информација) како и **24** заклучоци за запирање на постапката по жалбите поради доставување на бараната информација.

2.1.3 Жалби поднесени против имателите на информации

Во однос на жалбите кои се поднесени во текот на 2011 година, Комисијата констатира дека поголемиот број од жалбите се изјавени против државните институции на централно ниво, по нив следат жалбите против политичките партии, а останатиот дел од жалбите се против различни иматели на информации.

- **212** жалби против државни институции;
- **124** жалби против политички партии;
- **27** жалби против судската власт;
- **19** жалби против општините;
- **15** жалби против правни и физички лица кои вршат јавни овластувања;
- **7** жалби против јавни претпријатија и установи;
- **3** жалби против здравствени организации;
- **1** жалба против образовна институција;
- **1** жалба против Македонска кошаркарска федерација, кој не спаѓа на листата на иматели на информации.



Графикон 4: Жалби поднесени против иматели на информации

2.1.4 Карактер на поднесени Жалби

Во текот на 2011 година барателите поднесоа **409** Жалби до Комисијата по неколку основи: Против Решение на имателот со кои жалбата е одбиена бидејќи барањето претставува исклучок од слободниот пристап **22** жалби, против Заклучок на имателот со кој постапката се прекинува бидејќи имателот не располага со бараната информација **5** жалби, против одговорот на имателот **42** жалби, против известувањето на имателот **16** жалби и против т.н. молчење на администрацијата, односно непостапувањето по жалбите во законски предвидениот рок **324** жалби.

Најмногу Жалби се поднесени против државните институции (министерства, агенции, фондови, судската власт, јавни претпријатија и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања, а има поднесено Жалби и до здравствени и образовни институции во Република Македонија.

На граѓаните не им бил дозволен пристап до информации од институциите: за разни документи и информации за јавните набавки; информации за располагање со јавните и буџетските средства; бројот на вработени по институциите и бројот на вработени ангажирани со договор за привремени вработувања; фотокопии од Извештаи; Акциони планови и Стратегии на министерствата; конвенции; фотокопии на проекти; мерки за заштита на животната средина; документи за функционирањето на локалната самоуправа; документи за спортски игралишта; извештаи на стечајни управници; фотокопии од пресуди и други списи во судски предмети и предмети за кои се води управна постапка.

До Комисијата беа поднесени Жалби против јавните здравствени установи, за недоставени одговори по барања од областа на здравствената заштита, за тоа дали во Република Македонија се пријавени случаи на интерсексуални лица и дали се вршени хирушки зафати за детерминирање на полот на новороденчиња со дијагностицитан интерсексуализам, дали и кога е формирана Комисијата за унапредување на правата на пациентите согласно член 51 од Законот за заштита на пациентите, дали е задолжително тестирање на ХИВ/СИДА на жените кои сакаат да извршат прекин на бременост. Доколку е задолжително, врз основа на кој документ се спроведува тестирањето и др.

Здруженијата на граѓани и фондации поднесуваа Жалби поради тоа што не им беше овозможен пристап до информациите од јавен карактер од страна на јавните претпријатија и физичките и правните лица што вршат јавни овластувања за: листа на адвокатски друштва; листи на геодети и трговски друштва за геодетски работи на територија на Република

Македонија; дали Советот за радиодифузија има спроведено истражување за состојбата на пазарот на електронските медиуми за 2010 и 2011 година; Статутот на јавното претпријатие Македонска радио телевизија; информации и податоци поврзани со операторот на инсталацијата ФЕНИ индустри с.Возарци, Кавадарци; информации и податоци поврзани со операторот на инсталацијата Титан Цементара "Усје" Оптина Кисела Вода; информација за процентуалната етничка застапеност на сите вработени во акционерското друштво за поштенски сообраќај Македонски пошти во државна сопственост-Скопје, заклучно со 01.06.2011 година и др.

2.1.5 Состојба на предметите по тужби

Против конечните одлуки на Комисијата во 2011 година, беа поднесени вкупно **17 тужби** за поведување управни спорови и тоа:

- **7** од здруженија на граѓани;
- **4** од физички лица;
- **1** од орган на судската власт;
- **1** од јавно претпријатие;
- **3** од политички партии и
- **1** тужба од правно лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон.

Од вкупно 17-те тужби поднесени до Управниот суд за поведување управен спор;

- **4 с**е против Решенија на Комисијата со кои жалбите се уважуваат и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **3** се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбите се одбиваат како неосновани:
- **2** се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбите се одбиваат како неосновани и се потврдува дека Заклучокот на првостепениот орган е правилен и врз закон заснован;
- **3** се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбите се одбиваат како неосновани и се потврдува дека Известувањето на првостепениот орган е засновано врз закон;
- **1** е поднесена против Решението на Комисијата со кое жалбата се одбива како неоснована и се потврдува дека Решението на првостепениот орган е правилно и врз закон засновано;

- **1** е поднесена против Решение на Комисијата со кое жалбата се уважува, оспореното решение се поништува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **1** против Заклучокот на Комисијата со кој постапката по жалба се запира и
- **2** тужби се поднесени поради молчење на Комисијата.

По сите тужби Комисијата постапи и достави одговор до Управниот суд.

По ниедна тужба поднесена во 2011 година, Управниот суд не донесе одлука.

Ако се спореди бројот на поднесени тужби во 2011 година (**17**) во однос на конечните одлуки на Комисијата - решенија и одлуки (**409**) изразени во проценти **4,15**%, со бројот на поднесени тужби (**35**) во однос на донесените конечни одлуки на Комисијата (решенија и заклучоци (**540**) во 2010 година изразено во проценти **6,48**%, очигледно е дека во 2011 година поднесени се помалку тужби во однос на 2010 година или изразено во проценти тоа изнесува **2,33**% помалку.



Графикон 5: Поднесени тужби по донесени одлуки на Комисијата

Ова е факт кој зборува дека барателите на информации се повеќе се задоволни од постапувањето на Комисијата која доследно го применува на Законот,согласно нејзините надлежности.

3. Спроведување и искуства од примената на Законот во 2011 година

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е закон усогласен со демократските процеси и стандардите на земјите што се членки на Европската унија.

Комисијата и во извештајната 2011 година, продолжи да се грижи за имплементацијата на одредбите на Законот и се обиде во целост да ги реализира надлежностите на начин кој е предвиден во Законот.

Доследната примена на одредбите на Законот е во директна корелација со волјата, стручноста и професионалноста на институциите иматели на информации. Државната и јавната администрација треба да работи во интерес на граѓаните, да биде сервис на граѓаните.

Во таа насока Комисијата во соработка со невладината организација ФИООМ - Фондацијата Институт отворено општество – Македонија во 2011 година, изведоа обуки чија цел беше подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на граѓаните и здруженијата со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и можностите кои произлегуваат од него, како и начинот на остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. На обуките беа поканети и присуствуваа службени лица од имателите на информациите, кои директно учествуваат во спроведување на Законот. Од комуникацијата со службените лица присутни на обуките може да се констатира дека се уште постои потреба од континуирана обука со примери од примената на Законот. За таа цел, потребно е да се пристапи кон изменување и дополнување на Законот со што обуката ќе биде предвидена во Законот и задолжителна за сите службени лица.

Со измените и дополнувањата на Законот усвоени 2010 година, најголемиот недостаток на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2006 година, во врска со уредувањето на институтот "молчење на администрација" е надминат и целосно усогласен со одредбите на Законот за општата управна постапка.

Согласно оваа измена доколку имателот на информацијата нема да одговори во утврдениот рок, како ни во дополнителниот законски рок, барателот има право да поднесе Жалба (без ограничување на рокот).

Со уредувањето на наведениот член на барателите на информации им се дава можност, без ограничување на рокот да поднесат жалба до Комисијата.

Според евиденцијата на Комисија во 2011 година, **70%** од жалбите се поднесени поради молчење на имателите на информации.

Комисијата укажува на уште една недоследна примена на одредбите на Законот.

Со измените на Законот од 2010 година, беше воведена задолжителна обврска за имателите на информации да го спроведат "тестот на штетност", кога го одбиваат пристапот до бараната информација согласно со членот 6. Со спроведувањето на тестот на штетност имателите на информации се должни да проценат што е поголемо, штетните последици кои би настанале со откривањето на заштитената информација или јавниот интерес.

Од досегашната пракса на Комисијата може да се констатира дека, имателите на информации, во извештајната година и покрај горенаведената обврска и многубројните укажувања и обуки од страна на Комисијата, многу ретко го спроведуваат наведениот тест. При одбивањето на пристапот само декларативно се повикуваат на членот 6 од Законот без наведување на евентуалните штетни последици за имателот на информацијата и јавниот интерес кој треба да се задоволи со откривањето на бараната информација и нивното споредување што е поголемо. Од наведените причини во многу случаи Комисијата постапувајќи по жалбата, а со цел да донесе правилно и врз закон засновано решение го спроведува тестот на штетност.

Во врска со спроведувањето на Законот, Комисијата смета за потребно да го наведе и Барањето на Министерството за економија за измени на Законот, со цел поинаков третман на документацијата за трансформација/приватизација на правните субјекти, односно нејзино иземање од слободниот пристап. Во врска со прашањето "Дали податоците за приватизација, односно трансформација на правните субјекти, можат да бидат третирани како информации од јавен карактер", Комисијата до Министерството за економија го достави следното Мислење.

Од прашањето произлегува дека се работи за поголем број информации кои треба да се разгледаат секоја посебно. Постои можност некои од тие информации да се од јавен карактер, а некои да претставуваат исклучок од слободниот пристап. Од тие причини Комисијата не може да даде генерално мислење дали "податоците за приватизација" ќе се третираат како информации од јавен карактер. Министерството за економија е должно секоја од бараните информации да ја разгледа одделно. Доколку утврди дека некоја информација согласно Законот претставува исклучок од слободниот пристап, должно е да го спроведе тестот на штетност и потоа да одлучи дали ќе овозможи пристап до истата или ќе донесе решение со кое ќе го одбие пристапот.

Имателот на информаци во секој конкретен случај е должен да утврди што е поголемо или што е поважно: штетните последици за заштитениот интерес или користа која јавноста би ја имала со објавувањето на информацијата. Ниту една информација не треба да е засекогаш тајна. Оценката зависи од околностите. Кога јавниот интерес ќе стане поголем, информацијата треба да се даде.

Доколку пак одредена информација содржи одредени делови кои претставуваат исклучок од слободниот пристап, а до другите делови може да се одобри пристап, тогаш на барателот треба да му се овозможи пристап до другите делови на информацијата со тоа што видливо треба да бидат означени деловите кои недостасуваат (на пример бришење на лични податоци), доколку информацијата и покрај бришењето на одредени податоци не губи од својата содржина.

Комисијата го разгледа статусот на политичките партии и притоа утврди дека тие се регистрирани како „доброволна организација на граѓани, формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта“ и не вршат јавни овластувања. Јавноста и транспарентноста во работењето на политичките партии е регулирана во Законот за финансирање на политичките партии. Согласно наведениот Закон, политичките партии имаат обврска кварталните и годишните извештаи да ги доставуваат до Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и до Државниот завод за ревизија. Годишниот финансиски извештај политичката партија е должна јавно да го објави на веб страницата, во најмалку еден од дневните весници и во Службен весник на Република Македонија.

Од наведените причини, Комисијата во 2011година одлучи од Листата на иматели на информации да ги избрише политичките партии.

Во прилог на донесувањето на наведената одлука е и темелната и компаративна анализа изготвена од Европската Комисија, преку TAIEX програмата, пренесена на тридневната Експертска мисија одржана во Комисијата. Според наведената анализа во најголем број европски земји, политичките партии немаат јавни овластувања и не се иматели на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оваа проблематика е покриена со Законот за финасирање на политичките партии и со други закони со кои се овозможува нивна отчетност.

4. Листа на иматели на информации

Како резултат на доследната примена на законските одредби, трендот на намалување на бројот на имателите започнат во претходната продолжи и во оваа извештајна година, со што на Листата се евидентирани **1.247** субјекти.

Покрај бришењето на имателите кои во меѓувреме престанаа да работат и отстранувањето на субјектите за кои Комисијата процени дека не им е местото на Листата, за нејзиното рационализирање придонесе и применетата методологија при броењето на имателите од страна на Секретаријатот. Поконкретно, беше напуштена праксата на евидентирање на секторите, одделенијата или подрачните единици на поголем број министерства или институции како посебни иматели само затоа што имаа назначено службени лица, без оглед на фактот што најголемиот број од нив не се правни субјекти.

Таков е случајот со секторите при министерствата за финансии, за здравство и за образование и наука, како и со подрачните одделенија при Државниот Архив на Р.М. и Агенцијата за катастар на недвижности. Во истиот контекст треба да бидат сфатени и 20-тината подрачни единици на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, кои независно што се работи за еден ист орган, исто така, досега беа броени како посебни иматели.

Согледаната потреба за промена на ваквата состојба, а со единствена цел да се креира попрецизна листа, резултираше со тоа линкот со Државните институции од претходните **217** субјекти, да биде сведен на **121** имател.

Намалување на бројот на иматели е воочлив и кај јавните претпријатија и установи, каде бројот на субјектите е сведен на **297.** Во судската власт од листата се отстранети судовите за прекршоци бидејќи истите се во состав на основните судови низ државата и бројот на имателите изнесува **80**. Исто така, во делот на образовни институции бројот на субјекти од минатогодишните **523** е намален на **519**, бидејќи дел од основните училишта кои беа евидентирани, во суштина се подрачни училишта.

Зголемување на бројот на субјекти од **85** колку што имаше во минатогодишниот извештај на **108** иматели има во делот здравствени установи, како резултат на новата организациона поставеност на Клиничкиот центар и евидентирањето на секоја клиника пооделно. Во споредба со претходната година, пораст на иматели е евидентиран и во делот правни и физички лица што вршат јавни овластувања каде бројот на регистрирани субјекти достигна **36**.

Единствено идентичен во однос на 2010 година е делот од листата која се однесува на Општините, во кој се евидентирани **86** единици на локалната самоуправа, заедно со градот Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.



Графикон 6: Листа на иматели на информации од јавен карактер

Со едногласна одлука на Комисијата, а по претходно извршена темелна компаративна анализа, од Листата на иматели е избришан делот каде беа евидентирани 17 политички партии.

4.1 Содржина на годишните извештаи

Во календарската 2011 година имателите на информации прикажаа рекорден број на примени барања (**3.496)**. Анализата покажа дека во фокусот на интересот на граѓаните и на претставниците на невладиниот сектор биле државните институции, најголемиот број општини, јавните претпријатија како и судската власт. Се разбира тоа незначи дека и до другите иматели од останатите сфери немало поднесени барања, но процентуално гледано во **50%** од пристигнатите годишни извештаи од овие иматели нема показатели за поставени барања по основ на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Според извештаите кои содржат опис на поднесените барања, во дури **70%** погодностите што ги нуди Законот ги исползувале здруженијата на граѓани и фондации, преку ангажирање на полномошници или пак адвокатски канцеларии. Граѓаните во својство на баратели фигурираат во **30%** од случаите на поднесени барања.

Обработката на доставените обрасци, покажа недостатоци кои не би смееле да се манифестираат од страна на обучени службени лица. Дури 30 отсто доставени извештаи по интервенција на Секретаријатот на Комисијата мораа да се корегираат, бидејќи лицата задолжени за посредување наместо бараните податоци - внесувале матични броеви, домашни адреси и броеви на мобилни телефони. Во немал број случаи на местото предвидено за името на институцијата, беа внесувани податоците на службеното или одговорното лице, а во одделни обрасци името на едно исто лице фигурираше и во графите резервирани за службеното односно одговорното лице.

Анализата на извештаите упатува на фактот дека барателите покажале интерес за прашања од сите сфери на општественото живеење. Речиси и да нема орган односно институција до кој не биле испратени барања за организационата поставеност, човечките ресурси, за спроведени постапки за вработувања на одредено и неодредено време**,** за реализација на јавните набавки**,** одлуки за назначување и разрешување на членови на управни и надзорни органи, како и барања за увид во подзаконски акти и програми за работа.

Барателите покажале интерес за податоци за бројот на лица кои примаат парични надоместоци по различен основ, список на претпријатијата во доминантна сопственост на државата, податоци за прилив и одлив на невработени лица по месеци во тековната година, прашањата од сферата на денационализацијата, постапките за приватизација на одделни претпријатија во државна сопственост, уредувањето и урбанизацијата на одделни урбанистички планови, акцијата за легализација на земјиштето и приватен имот, начинот на премин од аналогна кон дигитална телевизија, бројот на добиени телевизиски концесии, информации во врска со малопродажната цена на суровини како и на реагенси, Стратегијата за искористување на обновливи извори на енергија во Македонија, како и за информации за одделни програми за субвенционирање и дотации како резултат на реализацијата на меѓународни проекти.

Во извештаите се прикажани барања кои се однесуваат за фотокопии од квартални како и од нивните годишни финансски извештаи за донации на политичките партии, за економската оправданост на даночните решенија со незначителен износ, за број на опомени изречени во прекршочна постапка

како и за извештаи од извршени контроли по периоди, даноци, утврдени неправилности и наплатени даноци.

Она што е интересно од аспект на имплементацијата на Законот, се прашањата упатени до одделни државни органи за тоа дали самостојно или во соработка со Комисијата организирале обуки во нивните средини, за бројот на добиени и одговорени барања по основ на Законот, за бројот на жалбите по кој постапувала Комисијата, како и за тоа дали органите имаат формирано посебни одделенија и назначено персонал задолжен за посредување со информациите.

Од најголемиот број на единици на локалната самоуправа на увид биле побарани записниците од одржаните седници на советите на општините, процедурите во врска со јавните набавки, одлуките за висината на комуналните такси, за одржување на јавната чистота, изградбата, одржувањето и заштитата на локални улици и патишта, како и начинот на реализација на годишните програми и буџети на општините.

Меѓу барањата упатени на адреса на судските институции, доминираат оние за добивање записници од одржани судски расправи, за текот на одредени судски предмети и постапки, за бројот на водени кривични постапки во одредени судови, доставување на правосилни и извршни пресуди и за доставување на статистички податоци за кривичните дела клевета и навреда против новинари.

Повеќе барања се однесуваат на информации за организацијата и одржувањето на прославата на 20 годишнината од независноста на Република Македонија 8-ми септември, доставени до Генералниот секретаријат на Владата, односно до одредени министерства или органи и служби во нивен состав.

4.1.1 Годишни извештаи на имателите

Од вкупно **1.247** институции, органи и субјекти евидентирани на листата на иматели, до Комисијата во законски пропишаниот рок, годишни извештаи доставија **746** иматели или **59,8%**, додека **501** субјект или **40,2%**, не ја испочитуваа законската обврска.

Во вкупната бројка на пристигнати извештаи се содржани и **14** извештаи кои поради бројните недостатоци за жал беа нецелосни односно невалидни, а податоците содржани во нив не беа земени во предвид.

Во законскиот рок во архивата на Комисијата беа евидентирани **107** извештаи од државните институции, а **14** иматели со предзнакот државни не ја испочитуваа законската обврска. Имателите од судската власт во

предвидениот рок доставија **73** годишни извештаи, додека високите глоби само за **7** судски органи немаа никакво значење. Отчет по основ на Законот до Комисијата поднесоа **66** единици на локалната самоуправа, додека **20** општини не доставија извештаи.

Од евидентираните јавни претпријатија и установи само **121** субјект достави извештај, а дури **176** иматели оваа обврска не ја исполнија. Здравствените установи доставија **58** обрасци со пополнети податоци, додека **50** иматели од здравствената сфера, не постапија согласно Законот. Годишни извештаи од образовните институции доставија **300** субјекти од сите степени на образование, додека за **219** иматели Законот како да не постоеше. Од линкот со правни и физички лица кои вршат јавни овластувања беше доставен **21** извештај, додека **15** иматели не постапија согласно Законот.



Графикон 7: Број на Годишни извештаи од имателите на информации

Од аспект на пристигнатите извештаи радува сознанието дека во повеќето линкови кои ги содржи Листата на иматели е евидентиран пораст на субјектите кои обврската за доставување на годишни извештаи ја сфатиле сериозно и постапиле согласно пропишаните одредби. За поткрепа на оваа констатација, ќе го наведеме фактот дека дури **90**% од институциите од судската власт доставија годишен извештај во предвидениот законски рок.

Наспроти овие констатации и примери, не смее да се занемари фактот за непочитувањето на членот 45 од Законот од страна на субјектите евидентирани во делот јавни претпријатија и установи, каде од запишаните **297** иматели само **121** или **42%** доставиле извештај. Незаинтересирано и крајно инертно покрај одговорните лица од поголемиот број јавни претпријатија, веќе трета година со ред недоследно се однесуваат и раководните структури на повеќето научни институти кои едноставно не доставуваат годишен извештај.

Особено загрижувачка е и согледаната појава на недоставување на годишни извештаи од страна на службените лица во сите степени на образовниот процес во одделни региони во државата, така што и непознавачите на приликите во оваа сфера би можеле да заклучат дека станува збор за неприменување на законот. Службените лица од низа основни и средни училишта од Тетово, Прилеп, Гостивар, Куманово и дел од училиштата од поширокиот скопскиот регион, како и од високообразовните институции од Тетово , не најдоа за потребно да достават годишен извештај. Од првиот ешалон државни институции, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор е единствениот имател кој не достави извештај во законски предвидениот рок.

Законската можност едно службено лице да посредува со информациите со кои располагаат одделни институции или претпријатија со повеќе подрачни единици и органи во состав, и овојпат ја искористија Управата за јавни приходи, Ј.П.„Македонски шуми“, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за развој и поддршка на земјоделството како и А.Д. за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје. Од нивна страна беа доставени сублимирани годишни извештаи за примените, одговорените или пак одбиените барања.

Министерствата за финансии, за здравство, за образование и наука, за економија и за транспорт и врски, како и други субјекти, кои пак имаат назначено повеќе службени лица, исто така ја продолжија востановената пракса да доставуваат збирен извештај, кој се однесува и на органите во нивен состав.

Рекордниот број од **3.496** барања доставени на адреса на имателите говори дека барателите во многу поголема мера од било кога до сега го користеле новото демократско право. Службените лица позитивно одговориле на **3.283** барања што е за поздравување, додека пристапот до **172** барања бил одбиен по основ на исклучоците пропишани во членот 6, или пак согласно други законски прописи. По **41** барање кое било поднесено пред истекот на календарската 2011 година, Комисијата ќе постапува, односно ќе се произнесе во оваа тековна година.

Графикон 8: Постапка по барањата

Според презентираните податоци во извештаите, во знак на незадоволство од првостепените одлуки или молкот на имателите, биле вложени **156** жалби, од кои Комисијата усвоила **82**. Институциите прикажуваат и **32** преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата, а информираат и за **34** одбиени жалби од нејзина страна. Исто така, имателите регистрираат и **3** отфрлени жалби од страна на Комисијата, **1** барање за поведување на прекршочна постапка, **5** поведни управни спорови против конечната одлука на Комисијата и **1** судска одлука во која тужбата на барателот е позитивно решена.

До државните институции барателите поднеле рекордни **1.728** барања, од сите сфери на нивното делување. Судејќи според **832-те** барања доставени до единиците на локалната самоуправа, излегува дека граѓаните покажале

двојно поголем интерес за прашањата во ингеренција на општинските власти во споредба со лани. Далеку најголем број прашања, **197** биле доставени до лицето за посредување од Градот Скопје, како и **80** барања адресирани до општината Центар.



Графикон 9: Вкупен број на барања поднесени до имателите

Бројот на поднесени барања до судската власт е речиси трипати поголем од ланскиот и изнесува **421** барање. Зголемен е бројот на барањата и кај јавните претпријатија и установи до кои биле поднесени **245**, или за **25%** повеќе од претходната година. До здравствените установи биле поднесени **89** барања што исто така говори за зголемен интерес на граѓаните за оваа проблематика во однос на лани. Не се за занемарување и поднесените **98** барања, кои граѓаните ги поднеле до правните и физички лица кои вршат јавни овластувања.

За разлика од лани кога образовните институции, а пред се факултетите беа во фокусот на интересот на одделни здруженија на граѓани и фондации, во овој извештај прикажани се скромни **83** барања, што претставува неколкукратно намалување на бројот на поднесоци.

Во продолжение е даден пресек на бројот на иматели, примени извештаи, поднесени и одговорени барања од почетокот на примената на Законот до крајот на 2011 година:



Графикон 10: Споредбен преглед од почетокот на примената на Законот

По речиси цел месец па и повеќе од крајниот законски рок за доставување на извештаите, до Комисијата пристигнаа пополнети обрасци од уште осум институции, кои поради веќе обработените податоци не се земени во предвид. Станува збор за годишните извештаи од основните училишта „Вук Караџиќ„ од Куманово, „Христијан Карпош„ од Куманово, „Рилиндиа„ од с.Лојане, Липково, „Антон Зако Чајупи„ – од с. Отља, СОУ Гимназија

„Гоце Делчев“ од Куманово, како и за извештаите од ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Чаир„ од Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло, како и за извештајот на ЈЗУ Клиника за очни болести од Скопје.

До Комисијата како имател на информации беа доставени 17 барања кои се позитивно одговорени.

4.1.2 Соработка со службени лица кај имателите

Покрај одлучувањето по жалбите како првостепена обврска, Секретаријатот на Комисијата целата своја енергија и капацитет и во извештајната 2011 година ги насочи кон поуспешна соработка со службените лица, како и на ажурирање на листата на иматели со нови и прецизни податоци.

Ургенциите и апелите кои беа доставени на адреса на субјектите и кои во вид на циркуларно писмо постојано се ажурираа на веб страницата, се покажаа како проверена и добра алатка за вршење константен притисок врз имателите на информации кои во изминатите години не го спроведуваа Законот. Дописите во кои децидно беа наведени и високите глоби пропишани за непочитувањето на законските одредби, резултираа со назначување на **70** нови службени лица во извештајната година.

За разлика од претходните години, најголемиот број субјекти се придржуваа до пропишаните одредби, согласно кои лицето за посредување со информации се назначува со Акт односно Решение на одговорното лице.

За одбележување е сознанието дека одделни институции без да биде побарано од нив до Секретарјатот на Комисијата ги доставија елементарните генералии пропишани со членовите 8 и 10 од Законот, со што фактички станаа иматели на информации. Таков позитивен гест за пофалба направија: Државниот испитен центар и Центарот за стручно образование и наука од Скопје, Бирото за застапување на РМ пред Европскиот суд на правда, Управата за заштита на културното наследство, Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ОУ„Ѓон Бузуку„ с.Србиново - Гостивар, Туристичка комора на Македонија, како и Фармацевтската комора.

Исто така, органите во состав при Министерството за економија: Државен пазарен инспекторат, Биро за метрологија, Државен инспекторат за техничка инспекција и Управата за наменско производство, сметаа дека ќе биде во интерес на граѓаните ако самите назначат лица за посредување со информациите од јавен карактер, за разлика од досега кога по нивните

предмети одлучуваше Работната група од три службени лица при ресорното министерство.

Општина Велес, со својата сериозност во имплементацијата на Законот, продолжува да биде пример кој треба да го следат сите иматели на информации, а особено единиците на локалната самоуправа. Покрај доставувањето на сопствениот Годишен извештај, Комисијата од оваа општина вторпат едноподруго добива збирен извештај за барањата што биле доставени до сите установи, јавни претпријатија, средните и основните училишта и здравствените организации кои ги користат буџетските средства што за нив ги издвојува општината. Ваквиот начин на соработка меѓу Секретаријатот на Комисијата и службените лица од Општина Велес значително придонесува за поодговорно однесување на субјектите во периодот предвиден за доставување на Годишниот извештај, а воедно ја олеснува и обврската на Комисијата да го подготви збирниот извештај. Нема никакви дилеми дека следењето на оваа практика од страна и на останатите општини во Република Македонија ќе овозможи не само зголемување на бројот на субјектите кои доставиле извештај и нивно поодговорно однесување, туку и попрецизни податоци за бројот на упатените барања на адреса на институциите.

Наспроти овие примери, раководните лица на **35** субјекти кои од поодамна се евидентирани во Листата, и покрај укажувањето дека би можеле да се соочат со високите пропишани глоби, продолжија да се оглушуваат на бројните обиди на Секретаријатот да назначат лице за посредување со информациите од јавен карактер. Во овој контекст крајно игнорантски во однос на законската легислатива се однесуваат и одговорните лица на Републичката инвалидска комисија, Здравствениот дом од Гостивар, ЈКП„Единство“ од Свети Николе, Правниот факултет од Кичево, ЈПКД„Турија“ од Василево, Средното фискултурно училиште„Методи Митевски-Брицо„ од Скопје, Културно информативниот центар од Скопје, Македонија пат-Скопје и други.

Продолжува практиката на одговорните лица на бројни институции да се самоназначуваат за службени лица, без оглед што се свесни дека неможат со успех да посредуваат со информациите од јавен карактер поради другите работни обврски. За волја на вистината, во одредени јавни претпријатија или установи пред се во руралните подрачја, покрај директорот се вработени уште само хигиеничар, чувар или некој друг профил на помошен персонал, па оттаму и одговорното лице нема голем избор во назначување на друго службено лице.

Не навлегувајќи во причините за честите номинации на директорите за службени лица, досегашната пракса покажа дека Законот поуспешно се спроведува во оние институции, установи или претпријатија каде што раководниот орган има назначено посебно службено лице/а за постапување по барањата за пристап до информации, но и каде што истите лица подолг временски период ја извршуваат оваа обврска.

Праксата на одделни одговорни лица кои во рамките на својот мандат и по неколкупати знаат да извршат промена на службеното или службените лица се покажа погрешна, бидејќи со тоа ја враќаат на почеток имплементацијата на Законот во нивната средина, на штета на граѓаните.

4.1.3 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности

Независно од настојувањата на Секретаријатот на Комисијата континуирано да ги едуцира службените лица и секогаш да им излегува во пресрет со совети и укажувања за нивните дилеми**,** и оваа извештајна година во законски предвидениот рок беа доставени **14** нецелосни извештаи, чии податоци не беа земени во предвид при подготвувањето на Годишниот извештај. Навистина бројот на таканаречените барања во споредба со претходните години не се мери со стотици па и илјади, но затоа пак останатите податоци внесени во овие извештаи не оставаат никаков простор за задоволство, без оглед што службените лица посетувале обуки и по неколку пати.

Она што посебно загрижува е сознанието дека Основното јавно обвинителство од Велес кое според природата на дејноста наместо да предничи во правилната интерпретација и имплементација на Законот, се најде меѓу имателите со нецелосен извештај поради елементарно непознавање на Законот. Во таканареченото извештај споменатата установа наместо на пропишаниот образец, со буквално три реда на бел лист хартија ја известува Комисијата дека „ОЈО Велес во текот на календарската 2011 година до Комисијата нема упатено барање за пристап до информации од јавен карактер“. Службеното лице на обвинителството наместо да одговори дали биле доставени барања по основ на овој Закон, наведува дека истото не поднело ниту едно барање на адреса на Комисијата?!

Општина Теарце веќе втора извештајна година едноподруго достави нецелосен извештај, иако службеното лице педантно водело евиденција за наводните барања по основ на Законот. Имено, покрај неколку барања упатени од невладина организација, Општина Теарце во извештајот

информира за примени односно одговорени барања од делокругот на службената кореспондеција на општината со други државни институции.

Целосно непознавање демонстрираа и службените лица од **12** субјекти, главно основни училишта кои не водат прецизна архивска евиденција за бројот на примените и одговорените барања, туку информираат дека регистрирале повеќе усни или телефонски барања наводно по слободен пристап за кој повторно известуваат дека постапиле навремено и согласно законот. Во извештаите на еден дел од овие училишта се наведуваат барања кои се од нивната примарна дејност и комуникација со надлежните институции и ресорното министерство, без оглед што станува збор за прашања, односно преписки по службена должност.

5. Јавност во работата и веб страницата на Комисијата

Подигнувањето на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер продолжи да биде еден од клучните императиви во работењето на Комисијата. И во годината што е предмет на овој извештај, Комисијата во рамките на своите можности се залагаше да обезбеди максимална медиумска покриеност за да го приближи ова демократско право до граѓаните.

Меѓународниот ден на слободниот пристап до информации 28-ми септември, кој се одвива под мотото „Имам право да знам“, Комисијата го одбележа со одржување на тридневна експертска мисија на тема „Развивање упатства за имплементација на прекршочните одредби и позицијата на политичките партии во областа на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер“, во соработка со Европската Комисија преку TAIEX програмата.

Заменикот на претседателот на Комисијата, по повод Меѓународниот ден на слободниот пристап до информации 28-ми септември, гостуваше во контактна емисија во живо на програмата на албански јазик на Јавниот радиодифузен сервис. Информирајќи ги гледачите за работата на Комисијата, како и за регионалната соработка, тој одговараше на повеќе прашања од граѓаните во функција на приближување на правото за слободен пристап. Заменикот на претседателот оствари уште едно гостување на националниот сервис, со цел - приближување на проблематиката што ја третира Законот до граѓаните.

На негова иницијатива, беше воспоставена соработка на Комисијата со Македонската радио телевизија, што резултираше со реализација на телевизиски спот во траење од 45 секунди. Спотот кој се емитуваше во два

термина на првиот и вториот канал на Јавниот радиодифузен сервис во траење од два месеца, беше снимен двојазично, на македонски и албански јазик, а во него етапно е прикажана комплетната постапка од моментот на поднесување на барањето, па до добивањето на информацијата. Основната цел на оваа телевизиска кампања беше запознавање на широкиот аудиториум со релативно новото законско право преку промоција на слободниот пристап.

Членот на Комисијата, Бобан Пановски, кој беше назначен за нејзин портпарол и заменикот на претседателот, на истекот на календарската 2011 година на прес – конференција ги соопштија најзначајните активности реализирани од страна на Комисијата. Средбата со новинарите предизвика голем интерес како кај печатените така и кај електронските медиуми во земјата, но и во некои средства за информирање од соседните држави. Беше потенцирано дека вработените во Секретаријатот на Комисијата практикуваат и давање на стручни совети и помош во усмена, телефонска или било која форма за сите кои што имаат одредени дилеми во однос на оваа проблематика.

Претставник на Секретаријатот во два наврата гостуваше во контактни емисии на национална телевизија и на националниот радиодифузен сервис. Притоа, гледачите ги запозна со историјатот и развојот на правото, како и со постапката за барање на информација од јавен карактер, жалбената и прекршочната постапка. Во емисиите беше укажано на потребата службените лица кај имателите да ја менуваат својата свест што е добра подлога за создавање на ефикасна и транспарентна администрација по европски терк. Од друга страна, граѓаните беа охрабрени да поставуваат прашања од делокругот на работењето на институциите.

Покрај хронолошки преглед на најважните тековни настани и активности, одделението за соработка со иматели и односи со јавноста при Секретаријатот на Комисијата, инсистираше за секој посетител на веб страницата **www.komspi.mk** да обезбеди максимална функционалност за задоволување на потребите од сферата на слободниот пристап. Преку ваквата поставеност на порталот, на најбрз и наједноставен начин граѓаните доаѓаат до обрасците за поднесување на барања, додека службените лица кај имателите до формуларите за Годишниот извештај.

Впрочем, најдобра потврда за ефикасноста на интернет страницата на Комисијата се и констатациите на ИТ експерти кои во бројот од 29-ти март 2011година во весникот „Нова Македонија“, оценија дека „јавната база на податоци на сајтот на Комисијата, се чини е најдобриот адресар преку кој можат да се најдат тековните веб локации. Од друга страна, голем дел од

државните институции ги немаат тие основни податоци на сопствените сајтови, па дури не ни линкуваат кон страницата на Комисијата!“.

За одбележување е податокот дека најголемиот број иматели своите годишни извештаи ги доставија преку e-mail, кој се покажа како најбрз и најпрактичен начин за комуникација.

Секретаријатот ја продолжи практиката на поставување на анкетни прашања на интернет порталот, со кои одвреме навреме се сондираше познавањето од страна на барателите и имателите на одредени сегменти од законската легислатива:

1. Во кој случај можете да поднесете жалба до Комисијата?



2. Кој начин е најефикасен за запознавање со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер?



3. Кој има законска надлежност да врши надзор над примената на одредбите на ЗСПИЈК?



На крајот од извештајната година евидентирани се вкупно **242,451** посета на веб страницата на Комисијата, а дневно содржините на порталот ги прегледувале меѓу **150** и **250** граѓани.

Следејќи ги новите трендови што ги нудат социјалните мрежи, кои покриваат огромна популација на корисници, Комисијата своите активности

ги помести на најпосетената мрежа Facebook.com со што дополнително настојува да го доближи новото право на пристап до информации до уште поширок број на баратели.

6. Обуки и едукација

Без оглед што на располагање имаше лимитирани финансиски средства, доволни само за покривање на елементарните потреби во функционирањето, Комисијата во ниту еден момент не се откажа од обврската да обезбеди едукација на службените лица во функција на поуспешно и поефикасно имплементирање на Законот.

Во овој контекст, а по претходен договор со Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, Комисијата реализираше десет регионални обуки на тема: "Право на слободен пристап до информации од јавен карактер". Обуките се одржаа во периодот мај-јуни 2011 година во општинските центри Велес, Штип, Кичево, Дебар, Ресен, Струга, Струмица, Гевгелија, Кратово и Делчево.

На обуките присуствуваа вкупно 144 граѓани, претставници од здруженијата на граѓани и фондации, како и службени лица кај одделни иматели на информации од јавен карактер, кои директно учествуваат во спроведување на Законот.

Согледаната потреба за приближување на законската регулатива до што поголем број на службени лица, Комисијата ја ефектуираше и преку соработка со единиците на локалната самоуправа: Струга, Битола и Делчево. Благодарение на сенсот за значењето и улогата на ова демократско право на тамошните градоначалници, беа обезбедени технички услови за одржување на обуки, реализирани од страна на обучувачи од Секретаријатот на Комисијата. Со нив беа опфатени стотина лица задолжени за посредување со информации од јавен карактер. Вреден за одбележување е податокот дека на обуките присуствуваа и службени лица од институциите во општините: Охрид, Вевчани, Дебарца, Ресен, Демир Хисар, Новаци, Могила, Пехчево и Македонска Каменица. Според оценките на учесниците на обуките, моделот на интерактивен пристап на нивна реализација овозможува побрза и поуспешна имплементација на законските одредби во праксата, што е неопходен предуслов за потранспарентно и поодговорно владеење како на локално, така и на централно ниво.

Континуираните обуки евидентно дадоа конкретни позитивни резултати. Тие се огледаат во рекордниот број од **3.496** барања доставени на адреса на имателите. Во споредба со минатата година, кога беа поднесени

2.379 барања, податоците од оваа година говорат дека барателите во многу поголема мера од било кога до сега го користат новото демократско право.

Промоција на слободниот пристап до информации од јавен карактер, во ноември беше овозможена и за група идни новинари, студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, кои во рамките на наставната програма по предметот Медиумско право имаа едукативна посета на Комисијата. Притоа, предавачи од Секретаријатот ги запознаа студентите со најзначајните законски одредби, со акцент за можностите што Законот им ги дава на новинарите во извршувањето на нивните професионални задачи.

Кон средината на ноември претставници од Секретаријатот на Комисијата учествуваа на семинарот на тема:„Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, организиран од страна на Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје. Пред присутните претседатели на судови и судски соработници по однос на материјата од сферата на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, едукативно обраќање имаше и претставник од Секретаријатот, кој потсетувајќи дека пристапот е правило, а одбивањето е исклучок, ги повика судиите секогаш кога имаат дилема околу примената на Законот да се обратат и консултираат со Комисијата.

7. Меѓународна соработка

Воспоставувањето на меѓународна соработка е еден од приоритетите на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, имајќи во предвид дека тоа е една од нејзините надлежности утврдени во член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комисијата во текот на 2011 година, оствари мошне плодна меѓународна соработка со сродни институции кои се надлежни за имплементација на правната регулатива од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

На крајот од првата половина од 2011 година, на работна средба во Комисијата присуствуваа експертите ангажирани од Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Скопје, за имплементација на проектот „Пристап до судските одлуки и правото на заштита на личните податоци“. Притоа, беше презентирана поврзаноста на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и правото на заштита на личните податоци и беа компарирани искуствата на Комисијата во оваа сфера со оние

на Холандија, Германија, Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска и на други европски земји. Исто така, беше потенцирано дека Комисијата во своето петиполгодишно работење го достигна нивото на ефикасното постапување на сродните институции во развиените европски демократии.

Комисијата аплицираше и ги искористи поволностите кои ги нуди инструментот TAIEX на Европската Комисија. Со помош на овој инструмент беа одржани три меѓународни настани, на кои Комисијата имаше можност да размени искуства и знаење со експерти од европските земји кои работат во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Првата работилница на тема „Балансот помеѓу правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и заштитата на личните податоци во новинарското известување“ се одржа на почетокот на септември. Пред присутните учесници, претежно новинари, Претседателот на Комисијата, Пеце Ташевски, истакна дека поради специфичната природа на новинарската професија, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не е толку атрактивен и експлоатиран од страна на новинарите, потсетувајќи дека во претходниот период во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци биле реализирани едукативни средби за претставниците на седмата сила во општинските центри Битола, Штип и Скопје. Комесарот за Информации на Република Словенија, г-ѓа Наташа Пирц Мусар истакна дека воопшто не е лесно да се постигне баланс меѓу правото на слободен пристап до информации и заштитата на личните податоци дури и за самите правници, а да не зборуваме за новинарите кои се раководат само од некоја здрава логика. Експертот од Сојузната Комисија за заштита на податоците и слободата на информирање на Германија, г-дин Свен Хермешмит, потенцираше дека германското општество е демократско, но нема голема демократска традиција во однос на слободниот пристап до информациите, бидејќи само личниот податок е загарантирано човеково право согласно Уставот. Претставникот од Канцеларијата на Комесарот за информации и заштита на податоци на Малта г-дин Јан Дегуара, истакна дека законски се уште не е регулирано правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, но дека земјата неколку години се подготвува за имплементацијата на законот. На оваа работилница беше заклучено дека ниту едно од овие две човекови права не може да биде над другото или апсолутно, и дека Комисијата и Дирекцијата во иднина треба повеќе да соработуваат со новинарите и преку одржување на обуки и работилници наменети за нив да им помогнат во постигнување на потребниот баланс и правилна примена на законите.

На крајот на септември во просториите на Комисијата се одржа тридневна Експертска мисија на тема: „Развивање упатства за имплементација на прекршочните одредби и позицијата на политичките партии во областа на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер“, со учество на експертот г-ѓа Полона Тепина, правен советник во Канцеларијата на Комесарот за Информации на Република Словенија. Во врска со позицијата на политичките партии како иматели на информаци од јавен карактер, словенечкиот експерт експлицитно рече дека политичките партии во нејзината земја, како и во најголемиот дел од земјите на Европската Унија немаат јавни овластувања и не се иматели според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Оваа проблематика, според неа, е покриена со Законот за финасирање на политичките партии и со други закони со кои се овозможува нивна отчетност. На европскиот континет, единствено во Полска политичките партии се иматели на информации од јавен карактер, а додека во светски рамки беа споменати Непал и Индонезија. Врз основа на изнесеното, по завршувањето на експертската мисија, Комисијата на седница, едногласно заклучи политичките партии да се симнат од Листата на иматели на информации, бидејќи не вршат јавни овластувања и следствено на тоа не се иматели на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Соработката на Комисијата со инструментот TAIEX се манифестираше и преку реализацијата на еднодневна меѓународна работилница на тема “Подигнување на институционалната и јавната свест за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.” Говорејќи на оваа тема, Заменик Комесарот за Информации на Република Словенија, г-ѓа Кристина Котник Шумах, потенцира дека граѓаните треба да бидат информирани односно треба да знаат дека јавниот сектор постои и треба да биде отворен за нив и за нивниот интерес што несомнено бара многу ангажман, едукација и обука со што би се сменил менталитетот на јавните службеници. Презентирајќи го естонското искуство Генералниот директор (Комисионер за приватност и информации) на Инспекторатот за заштита на личните податоци на Естонија, г-дин Виљар Пеп, рече дека имателите не се содржани во посебна Листа, туку постои Централен веб директориум, кој всушност е огромна база на податоци каде можат да се најдат детали и информации за секој имател. Во оваа смисла Пеп информира дека најголемиот број од имателите на информации во неговата земја имаат и сопствени богати веб портали на кои ги објавуваат сите информации со кои располагаат, а на граѓаните им се достапни со само еден клик. Експертите препорачаа Комисијата да ги

применува презентираните практики со цел подигнување на свеста на граѓаните и институциите за овој закон во Република Македонија.

Меѓународната соработка е збогатена со потпишување на Меморандуми за соработка со институциите надлежни за имплементација на правната регулатива од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Со тоа Комисијата воспостави билатерална соработка со сродните институции од земјите членки на Европската Унија, која ќе овозможи поголема комуникација, размена на искуства и знаење од областа.
Во текот на овој извештаен период, главно поради финансиски причини, не дојде до реализација на иницијативата на Заменикот на претседателот на Комисијата, за соработка со надлежната институција за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер од Република Албанија, односно со потпишување на Меморандум за соработка.

На 25-ти ноември 2011 година, Претседателот на Комисијата и Парламентарниот Комесар за заштита на личните податоци и слобода на информирање на Унгарија Андрас Јори, во Скопје потпишаа Меморандум за соработка со цел да ја регулираат и зајакнат соработката меѓу двете институции. Со овој акт потписниците се обврзаа да ја развиваат меѓусебната соработка од подрачјето на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со почитување на законодавството на своите држави и со почитување на потребите и конкретните можности.

Претставник на Секретаријатот на Комисијата активно учествуваше на Меѓународната Конференција за стратешки пристап до Развојот на механизмите за заштита на личните податоци. Една од посебните теми на интерес во рамките на тркалезната маса на Конференцијата беше и „Правото на заштита на личните податоци и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер„ на која тој предочи дека заштитата на личните податоци исто како и правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер се уставно загарантирани права и дека ниту едното од нив може и смее да го ограничува другото, ниту пак може да се стави во надредена позиција.

На конференцијата од македонска страна беше иницирано потпишување на Меморандум за продлабочување на соработката меѓу Комисијата и Комесарот за Информации на Република Словенија.

Кон средината на декември богатата меѓународна соработка на Комисијата беше заокружена и со потпишување на Декларација за соработка меѓу Претседателот на Комисијата и Берлинскиот Комисионер за заштита на личните податоци и слободата на информирање, Александер Дикс. Оваа соработка вклучува размена на практични искуства и знаења меѓу експерти

на двете институции за полесно обезбедување на информации од јавен карактер, како и на полето на финансирањето на проекти преку користење на финансиски инструменти на Европската Унија.

8. Буџет

Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Во 2011 година, без оглед на скромните финансиски средства што и беа на располагање, Комисијата продолжи со континуирана едукација на граѓаните и на службените лица задолжени за посредување со информации од јавен карактер.

Рестриктивниот буџет ја спречи Комисијата да го реализира проектот за организирање на обуки во општините ширум државата, како и за покренување на медиумска кампања за запознавање на граѓаните со релативно новото човеково право што го нуди Законот.

Ограниченото буџет со кој располагаше Комисијата и оваа година беше основната причина да не се објави Листата на иматели на информации согласно Законот.

Исто така, поради финансиски причини, изостанаа планираните и договорени посети на сродни институции во земјите од регионот и државите од Европската Унија.

Што се однесува до структурата на вработените во Комисијата, треба да се посочи дека тие во најголем дел се превземени од поранешната Агенција за информации, а потоа дополнети со кадри превземени во Комисијата согласно Рамковниот договор. Вработените според стручната квалификација и бројната состојба не се доволен кадар за квалитетно и навремено да ги извршуваат задачите и активностите наведени во Законот. Непополнетите места Генерален секретар, советник за планирање и следење на буџет, советник за одржување на Веб страница, советник за аналитика и архивар придонесува кон намалување на ефикасното вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата и создава сериозни проблеми за функционирање на Секретаријатот, како стручна служба на Комисијата.

Согласно Измените и дополнувањата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ“ бр.6/10 од 15.01.2010 година) со Секретаријатот на Комисијата треба да раководи **Генерален секретар**. Ова место е суштинско за професионално функционирање на Секретаријатот на Комисијата.

Комисијата има потреба од пополнување на непополнето работно место предвидено во Правилникот за Систематизацијата на работни места во Секретаријатот **Советник за планирање и следење на буџет** во одделението за финансиски прашања, бидејќи во ова одделение не е пополнето ниту едно работно место, што создава проблеми при работењето на Комисијата.

Исто така за одржување на Веб страницата, серверите, компјутерите и целокупната опрема, Комисијата во 2011 година се соочуваше со бројни проблеми поради немање на вработено лице кое ќе ја одржува целокупната опрема. Во Правилникот за Систематизацијата местото **Соработник за одржување на Веб страницата** (соработник) е празно и со пополнување на истото ќе се создадат услови за непречено одвивање на работата во горенаведените суштински потреби на Комисијата.

Комисијата има потреба од пополнување на работното место **Советник за аналитика** во Одделението за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер, поради зголемениот број на поднесоци кои треба соодветно да бидат обработени во дата-базата на Комисијата. Ова уште повеќе поради барањата од Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања Комисијата редовно да доставува (наративно и во обрасци) месечни, квартални и годишни извештаи за потребите на НПАА и на Оценската мисија Сигма на Европската Комисија.

Комисијата се соочува и со проблеми од архивското работење (честото менување на лица доведе до неажурно водење на архивата на Комисијата, проследено со многу пропусти и недоследно применување на Уредбите за архивско работење). Потребата од пополнување на работното место **Архивар** (самостоен референт) во Одделението за спроведување на постапката по жалби, правни и општи работи е повеќе од нужна.

Исто така Комисијата, заради обемот на работа (кој никогаш во целост не може да се предвиди), заради застарената техничка опрема (сервери, компјутери, принтери итн.) е принудена на техничко доопремување, што треба да повлече и дополнителни финансиски средства, со какви во извештајниот период не располагаше, а кои ги нема и во моментот.

Комисијата, финансиските средства за работа ги обезбедува од Буџетот на Република Македонија. По донесувањето на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Одлуките за изменување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија(Службен весник на РМ, бр. 37/98, 45/98, 28/99, 61/99, 21/01, 30/01, 21/02, 69/03, 147/07,139/08 и 87/09) и потпишаниот Договор за вршење општи и заеднички работи и услуги и Уредба за условите и начинот на извршување на услугите

(септември 2008 година) Договорот за вршење општи и заеднички работи и услуги (мај 2011 година), Комисијата се обврзува во Буџетот на Република Македонија во сопствениот раздел да обезбеди средства за надомест на комуналните и другите услуги почнувајќи од 01.01.2009 година, што не е докрај спроведено во практиката и покрај барањата од страна на Комисијата со буџетските циркулари повеќе години наназад да се обезбедат доволно средства на ставката комунални услуги, греење, комуникација и транспорт. Од тие причини поради недостигот на средства на конто 421 во износ од дополнителни најмалку **2.000.000,оо** (два милиони денари) Комисијата има финансиски проблеми во смисла на ненавремено намирување на тековните обврски и истите се пренесуваат од година во година. Дополнителни трошоци се јавуваат по однос на пристигнатите фактури за затезни камати за ненавремени платени фактури, што уште повеќе ја усложнува работата во Комисијата, која е доведена во незавидна ситуација на тужена страна.

За да не одиме по конта, кои најверојатно ќе покажат многу поголема бројка на потребни финансиски средства, сакаме да го предочиме следното:

Комисијата се обидува да ги намали трошоците и под егзистенцијалниот минимум, докрај почитувајќи ги одредбите од Спогодбата за уредување на односите во врска со начинот на користење на објектот МРТ, каде е наведено дека корисниците се должни да се однесуваат „домаќински“. Токму поради наведеното, Комисијата побара од Владата на Република Македонија да и дозволи да ја отстапи половината од доделениот простор на користење од 14 кат во МРТ, само со цел да ги намали трошоците за комуналии. Од декември 2011 година тој простор и е даден на користење на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Но, со ваквиот потег Комисијата не ги реши проблемите, бидејќи наместо намалување на износот за комуналии, истите беа повеќекратно зголемени, согласно правилата на плаќање изготвени од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, односно според корекционен коефициент за процентуално учество во плаќањето на потрошена електрична енергија и вода во зградата на МРТ (според квадрат користена површина). Примерно, од реалните 2-2.500,оо денари за потрошена вода за еден месец, сега Комисијата плаќа по 12-13.000,оо денари месечно, а наместо поранешните 15.000,оо денари за потрошена електрична енергија за месец, сега мора да плаќа над 50.000,оо денари месечно. Иста е ситуацијата со сметките за топлинска енергија, кои месечно во просек изнесуваат околу 160.000,оо денари.

Во календарската 2011 година, Комисијата со одобрениот Буџет и со ребалансот на Буџетот не можеше да ги реализира зацртаните, но и

активностите што произлегуваат како законска надлежност за афирмирање на слободниот пристап до информации од јавен карактер, како што е медиумската презентација на Законот, објавување на листата на имателите во медиумите, издавање публикации, билтени или брошури.

Заради висината на утврдениот Буџет, Комисијата беше принудена да се движи во рамките на претходно планираните финансиски средства, водејќи сметка да не се наруши процесот на нејзиното функционирање.

И покрај крајното рестриктивно и планско подмирување на достасаните обврски Комисијата 2011-та година ја заврши со неподмирени обврски во износ од 638.641,оо денари за комунални и договорни услуги.

Во 2009 година, против Комисијата беа поднесени две тужби, од Ј.П. „Комунална хигиена„- Скопје за долг во вредност од 49.864,оо денари и од „Топлификација„ А.Д.– Скопје за долг во вредност од 883.166,оо денари. Постапките по двете тужби не се завршени.

БУЏЕТ	ВКУПНО	Плати, наемнини и надоместоци	Стоки и услуги
2007	15.676.000	10.545.000	5.222.000
2008	15.500.000	10.500.000	4.940.000
2009	16.373.000	10.993.000	5.220.000
Ребаланс	14.611.000	10.799.000	3.654.000
2010	12.245.000	9.035.000	3.210.000
Ребаланс	11.245.000	8.475.000	2.834.000
2011	11.710.000	8.480.000	3.230.000
* Прераспределба на средства...	12.205.021	9.225.021	2.706.987
2012	11.891.000	9.021.000	2.870.000

***Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите (Сл.весник на Р.М. бр.128/11**

Сепак и покрај горенаведените околности, Комисијата со големи дополнителни напори успеа да ги изврши своите основни законски обврски и надлежности, за што сведочи и овој Извештај.